Врз основа на член 387 и 388 од Законот за трговските друштва и одредбите на Статутот на РЖ ИНСТИТУТ АД Скопје, Одборот на директори на Акционерското друштво РЖ ИНСТИТУТ А.Д. Скопје, објавува

# ЈАВЕН ПОВИК
## *За учество во работата на Собранието на акционери*
## на РЖ ИНСТИТУТ АД Скопје

Годишното Собрание на Акционерското друштво РЖ ИНСТИТУТ А.Д. Скопје, ќе се одржи на **25.05.2011** год (среда) со почеток во **12,00** часот во просториите на Друштвото, со следниот дневен ред:

### Д н е в е н  р е д

**I. Процедурален дел**

И.1.Утврдување на кворум за работа.
И.2.Избор на Претседавач на Собранието.
И.3.Избор на бројачи на гласови.

**II. Работен дел**

1. Усвојување на Записникот од последнато одржано Собрание на акционерското друштво.
2. Разгледување и донесување на Одлука за усвојување на годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работата на акционерското друштво и разгледување на извештајот на овластениот Ревизор во деловната 2010 година.
3. Расправа и донесување на Одлука за одобрување на работата и за водењето на работењето на друштвото од страна на членовите на Одборот на директори во 2010 год. (ова точка е поврзана со претходната точка од дневниот ред)
4. Донесување Одлука за распоредување на нето добивката по годишна сметка за 2010 година.
5. Донесување на Одлука за избор на овластен Ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на друштвото за деловната 2011 година

Во работата на Годишното собрание може да учествуваат и да ги остваруваат своите права и интереси сите акционери лично или преку овластени претставници и застапници именувани за остварување на сите или извесни права на управување со полномошно за застапување заверено од Нотар.
Услов за учество во работата на Годишното собрание е пријавувањето на акционерот или овластениот предствавник или застапник со полномошно за претставување и застапување на акциите најдоцна пред почетокот на одржување на седницата на Годишното собрание.
Собранието ќе одлучува само за прашања кои се уредно ставени на дневен ред, согласно Статутот на Друштвото и Законот за трговски друштва, Вклучување нови точки во дневниот ред предлагање одлуки и поставување на прашања може да се

врши по писмен пат согласно член 390 од Законот за трговски друштва во рок од 8 дена од денот кога е објавен јавниот повикза одржување на седница на собранието со барање на вклучување на нови точки во дневниот ред и поставување на прашања доставени до друштвото.
Гласањето на Годишното собрание може да се врши од акционерот лично или од полномошникот на седницата
Материјалите за работа на седницата на Годишното собрание ќе бидат ставени на увид од денот на објавувањето на јавниот повик секој работен ден од 09-11 часот во просториите на РЖ ИНСТИТУТ АД Скопје, ул.16-та Македонска бригада бр.18,

Официјалната интернет страница на друштвото е **www.rzinstitut.com.mk**

**РЖ ИНСТИТУТ АД СКОПЈЕ**
**Одбор на директори**